РЕАКТОР
истражување во акција

# ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО ОДНОС НА РОДОВО-ЗАСНОВАНОТО НАСИЛСТВО, ЗАКОНСКАТА РАМКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ ОДГОВОР И

# АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ И ПОСТОЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ЗА РАБОТА СО СТОРИТЕЛИ СО ФОКУС НА БЕЗБЕДНОСТА НА ЖРТВАТА И ЗА СОВЕТУВАЊЕ НА МАЖИ

## Краток преглед, заклучоци и препораки

Скопје, 2023


Federal Ministry
Republic of Austria
Social Affairs, Health, Care
and Consumer Protection

VEREIN
Institut für Männer- und Geschlechterforschung
MÄNNER- UND GESCHLECHTERTHEMEN STEIERMARK



РЕАКТОР
истражување во акција

**ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО ОДНОС НА РОДОВО-ЗАСНОВАНОТО НАСИЛСТВО, ЗАКОНСКАТА РАМКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ ОДГОВОР**
**И**
**АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ И ПОСТОЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ЗА РАБОТА СО СТОРИТЕЛИ СО ФОКУС НА БЕЗБЕДНОСТА НА ЖРТВАТА И ЗА СОВЕТУВАЊЕ НА МАЖИ**

**Краток преглед, заклучоци и препораки**

**Издавач:**
Реактор – Истражување во акција
**За издавачот:**
Тања Иванова
**Печати:**
КОМА
**Тираж**:
50 примероци

**Бесплатен/некомерцијален примерок**

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ..... 5
**МЕТОДОЛОГИЈА** ..... 5
**РОДОВО-ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО** ..... 6
**НОРМАТИВНА МАШКОСТ** ..... 6
**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИ** ..... 7
Нееднаквост на моќ: ..... 7
Поставеност на пазарот на труд: ..... 9
Стапки на неактивност: ..... 10
**СЕМЕЈНО/ДОМАШНО НАСИЛСТВО** ..... 11
Родово разделени податоци за сторители и жртви ..... 13
Пријавување на РЗН ..... 15
**ОНЛАЈН ИСТРАЖУВАЊЕ СО ЗАСЕГНАТИ ЧИНИТЕЛИ** ..... 16
Како да се вклучат мажите и момчињата во превенција на РЗН? ..... 16
Зошто нема доволно специјализирани услуги (психосоцијално лекување, советување, терапија, обука, третман) за сторителите на родово насилство? ..... 17
Ставови кон специјализирани услуги за работа со сторители ..... 19
Што е потребно за да се овозможи и подобри пристапот до специјализираните услуги за сторителите на РЗН? ..... 20
**ПРАВНА РАМКА – ДО КАДЕ СМЕ ВО 2022?** ..... 21
**ЗАКЛУЧОЦИ** ..... 21

# ВОВЕД

Како дел од проектот „Воспоставување на мултипрофесионална превенција на родово-засновано насилство, работа со сторители преку пристап фокусиран на безбедноста на жртвата и советување на мажите во Република Северна Македонија“ (2021 - 2022), Реактор – Истражување во акција изработи сеопфатна анализа на состојбата со родово-засновано насилство и на постоечките ресурси и потреби за центри за советување на мажите во Република Северна Македонија, со фокус на родово-засновано насилство.

Во оваа брошура накратко се прикажани клучните наоди од анализата, вклучително и од онлајн истражувањето спроведено заради олеснување на развојот на концептот и на националните планови за воспоставување ефективна примарна превенција од родово-засновано насилство, мултипрофесионална поддршка и работа со сторителите преку пристап фокусиран на безбедноста на жртвата, како и воспоставување центри за сеопфатна поддршка и советување на мажите заради превенција на родово-засновано насилство, во име на поттикнување родова еднаквост и вклучување на мажите во грижата (родителска, партнерска, итн.) во Република Северна Македонија.

# МЕТОДОЛОГИЈА

- Преглед на постоечка литература и анализа на секундарни податоци
- Прибирање административни податоци
- Квалитативни дискусии и интервјуа
- Онлајн истражување со засегнати страни
- Детална анализа на актуелната правна рамка и институционалниот одговор за спречување и санкционирање на родово-засновано насилство, со фокус на работа со сторители и советување на мажи

# РОДОВО-ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО

Родово-заснованото насилство е насилство насочено кон некоја личност поради нејзиниот пол или род. Иако и жените и мажите доживуваат родово-засновано насилство, повеќето жртви се жени и девојчиња. Поради тоа, родово-заснованото насилство и насилството врз жените се термини што често се користат наизменично бидејќи нашироко е признаено дека најголем дел од родово-заснованото насилство се врши врз жени и девојчиња од страна на мажи[1]. Меѓутоа, користењето на аспектот „родово-засновано“ е важно бидејќи го нагласува фактот дека многу форми на насилство врз жените се вкоренети во нееднаквостите на моќта меѓу жените и мажите.

# НОРМАТИВНА МАШКОСТ

Нормативната машкост е она што општеството очекува од мажите да го применат. Во оваа насока, наративите за доминантната или хегемонистичката машкост се отелотворени во културните претстави на силни и моќни мажи кои се супериорни во однос на другите.

Иако современите дефиниции варираат, хегемонистичката машкост често се надоврзува на одредени идеи поврзани со моќта, како што се очекувањата мажите да ја имаат улогата на главен носител на приход во семејството, или на поимот мажи како преземачи на ризик, претприемачи, „носители на одлуки“, „посилниот пол“, односно низа социјално прифатени стереотипи за родовите улоги.

Неуспехот да се исполни очекуваната улога на „мажот“ како снабдител во семејството или како „посилен пол“ предизвикува насилство, а насилството како потврда на доминацијата и на асиметријата на моќта често се користи како демонстрација и репродукција на хегемонистичката машкост и на смелоста за соочување со ризични и конфликтни ситуации или за нивно предизвикување[2].

1 Насилство врз жените: Анкета ширум ЕУ. Главен извештај за резултатите, 2014 година; Достапно на: https://fra.europa.eu/en/publication/2014/violence-against-women-eu-wide-survey-main-results-report

2 Scambor, e and bergmann, n and wojnicka, k and belghiti-mahut, s and hearn, j and holter, øg and gärtner, m and hrženjak, m and scambor, c and white, a (2014) men and gender equality: european insights. men and masculinities, 17 (5). 552 - 577. issn 1097-184x

Оттаму, сторителите на кривични дела почесто се мажи, а мажите исто така се мнозинство меѓу сторителите на насилни кривични дела, како што се кривични дела против животот и телото и кривични дела против сексуалната слобода (што е потврдено и со повеќе претходни анализи, но и со административните податоци собрани за потребите на оваа анализа).

# КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИ

## НЕЕДНАКВОСТ НА МОЌ:

Родовите нееднаквости се очигледни и во пристапот до финансиските ресурси, сопствеништвото на земја и имот. Традиционалните верувања со кои им се пропишуваат наследни права на машките потомци придонесуваат кон значително помала веројатност жените да поседуваат земја или недвижен имот. Според националната административна евиденција на Катастарот, само 27% од сопственоста на земја и 29% од сопственоста на објектите им припаѓаат на жени.

Асиметријата во моќта може дополнително да се забележи и во опциите за мобилност. За да го остварат своето право на работа, образование, слободно време или исполнување на други потреби, жените често се зависни од јавниот превоз или од други лица (членови на семејството) кои поседуваат автомобил. Административната евиденција на Министерството за внатрешни работи покажува дека само 18% од приватните автомобили се во сопственост на жени. Нееднаквостите во можностите за мобилност дополнително се влошуваат со фактот што Северна Македонија има недоволно развиен јавен превоз и овој предизвик беше особено изразен за време на пандемијата на Ковид-19, кога беа воведени рестрикции.



Помалата застапеност на позициите за донесување одлуки е евидентна и во економската сфера. Кај само 29% од компаниите жените учествуваат во сопственичките структури[3] ,а само 21% имаат жени на високи менаџерски позиции[4].




Од формирањето на Владата на Северна Македонија до денес, ниту една жена не е избрана за шеф на државата и само една жена е поставена на чело на Владата, но само за вршител на должноста премиер за вкупно 50 дена во 2014 година. Кумулативно кажано, само 12% од сите именувани министри биле жени (податоци од 2008 до 2021 година, земајќи ги предвид сите промени и реконструкции). На локално ниво, само 3% од сите избрани градоначалници биле жени (кумулативни податоци од 1996 до 2022 година).




3 Светска банка, Анкети за претпријатија, податоци за 2019 година. Достапно на: https://data.worldbank.org/indicator/ic.frm.femo.zs?locations=mk

4 Светска банка, Анкети за претпријатија, податоци за 2019 година. Достапно на: https://data.worldbank.org/indicator/ic.frm.femm.zs?locations=mk

# ПОСТАВЕНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД:

Во однос на економските нееднаквости, родовите јазови во платената работна сила, исто така, претставуваат важен фактор и дополнително ги илустрираат родовите разлики. Според официјалната статистика, вработени се 45,3% од работоспособните жени, наспроти 63,7% од мажите[5]. Иако стапките на вработеност со текот на времето се зголемуваат и за мажите и за жените, јазот меѓу половите опстојува и останува речиси двојно поголем во споредба со просекот на Европската Унија во 2020 година (СМ=18,4% наспроти ЕУ-27=10,3%).

Стапки на вработеност (од 15 до 64 години)




5 Евростат (последно ажурирање: 10-09-2021). Стапки на вработеноста по пол, возраст и нивото на стекнато образование (%), избрана година 2020, возрасна група од 15 до 64 години. Достапно на: https://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/setupdownloads.do.

## СТАПКИ НА НЕАКТИВНОСТ:

Речиси половина од работоспособните жени се смета дека се економски неактивни или надвор од работната сила бидејќи не се регистрирани како активни баратели на работа[6]. Главни причини за неактивност кај повеќе од половина од овие жени (59%) се обврските поврзани со грижата за децата или други обврски за грижа, додека тоа е посочено како клучна причина од само 2% од мажите во истата категорија.

Додатно, доколку се анализира времето кое се посветува на грижа за децата, семејството и домашните активности поврзани со одржување на домаќинството (пр. чистење, готвење итн.), заклучуваме дека, во просек, 72% од времето потрошено на овој неплатен труд паѓа на товар на жените.

Стапки на неактивност (од 15 до 64 години)




6 Евростат (последно ажурирање: 10/09/2021 23:00). стапките на активност во вработувањето според полот, возраста и државјанството (%), избрана година 2020, возрасна група од 15 до 64 години. достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/lfsa_argan__custom_1300916/default/table?lang=en.

Економски неактивно население кое не бара работа заради семејни причини/грижа за други лица




Учество на жените и мажите во вкупната неплатена работа поврзана со грижа




# СЕМЕЈНО/ДОМАШНО НАСИЛСТВО

**Број на жртви на кривични дела извршени во влошени околности на семејно насилство (убиство, обид за убиство, телесна повреда, тешка телесна повреда, безбедносни закани, и сл.) и број на започнати кривични постапки за семејно насилство.**

Врз основа на добиените податоци, во периодот од три години, од 2019 до 2021 година, постои вкупна евиденција на 2996 жртви на кривични дела извршени во влошени околности на домашно насилство. Во просек, 8 од 10 жртви се жени. **Министерството за внатрешни работи не собира податоци разделени според полот за сторителите на кривични дела поврзани со семејно насилство.**






**Инциденца на прекршочни дела семејно насилство (Прекршоците поврзани со семејно насилство вклучуваат малтретирање на друго лице во стан, физички напад, учество во тепачка, карање и викање во јавност итн.)**

Во тригодишниот период евидентирани се вкупно 1429 жртви и 1414 сторители на прекршоци поврзани со семејно насилство. За тригодишниот период, во просек повеќе од половина од жртвите (53%) биле жени, а 84% од сторителите се мажи[7].

Прекршоци поврзани со семејно насилство







7 Овој „тригодишен" просек е приближен податок што не ги вклучува податоците од најголемото тримесечје од 2021 година (тие не биле достапни за споделување од МВР во времето на завршувањето на активностите за собирање и обработка на податоците врз кои се заснова оваа анализа).

# РОДОВО РАЗДЕЛЕНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТОРИТЕЛИ И ЖРТВИ

**Жените** се жртви на семејно насилство во осум од десет кривични постапки и осум од десет граѓански постапки, а сочинуваат девет од десет случаи обработени во рамките на јавното обвинителство.

Од друга страна, **мажите се сторители** во девет од десет кривични постапки, девет од десет парнични постапки и девет од десет случаи обработени во рамките на јавното обвинителство.



## ИНЦИДЕНЦА НА РЗН

Според истражувањето „Безбедност и благосостојба на жените“[8], спроведено од ОБСЕ и финансирано од ЕУ, врз основа на репрезентативен примерок на национално ниво, повеќе од половина или **54% од жените во Северна Македонија доживеале одреден вид насилство во нивниот живот.** Речиси секоја трета жена била сексуално вознемирувана (30%), 14% доживеале физичко и/или сексуално насилство и секоја десетта доживеала демнење (7%). Најчесто е психолошкото насилство од партнер, при што 4 од 10 жени рекле дека претрпеле таков вид насилство.




8 Податоци од истражувањето „Безбедност и благосостојба на жените“ спроведено од ОБСЕ во 2018 година и објавено во 2019 година. извештајот може да се најде тука: https://www.osce.org/files/f/documents/3/5/419264_1.pdf

# ПРИЈАВУВАЊЕ НА РЗН

Поголемиот дел од жртвите не пријавуваат насилство. Речиси девет од десет жени што претрпеле физичко и/или сексуално насилство од својот сегашен партнер не го пријавиле тоа во ниту една надлежна институција или организација што обезбедува услуги, а само 2% го пријавиле во полиција случајот за кој сметале дека е најсериозен случај на насилство.



# ОНЛАЈН ИСТРАЖУВАЊЕ СО ЗАСЕГНАТИ ЧИНИТЕЛИ

Според учесниците во онлајн истражувањето, најефективен начин за вклучување момчиња и мажи во превенција на родово-засновано насилство е воспоставувањето специјализирани центри за бесплатна психосоцијална поддршка (за родителство, врски, грижа за себе). Повеќе од половина сметаат и дека ефективни механизми би биле формирањето СОС директна линија за помош на мажи и момчиња (60%), како и ангажирање на граѓански организации кои работат со младите (56%).

## КАКО ДА СЕ ВКЛУЧАТ МАЖИТЕ И МОМЧИЊАТА ВО ПРЕВЕНЦИЈА НА РЗН?



Големо мнозинство од испитаниците сметаат дека во државата постои недостиг од специјализирани услуги за сторители на родово-засновано насилство. Главната причина позади овој дефицит за повеќе од половина од овие учесници е недостатокот на обучени професионални работници за работа со сторителите, додека еден од четири го наведуваат недостатокот на мултисекторска соработка и координација.

## ЗОШТО НЕМА ДОВОЛНО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ (ПСИХОСОЦИЈАЛНО ЛЕКУВАЊЕ, СОВЕТУВАЊЕ, ТЕРАПИЈА, ОБУКА, ТРЕТМАН) ЗА СТОРИТЕЛИТЕ НА РОДОВО НАСИЛСТВО?

**П:** Дали мислите дека во нашата држава недостасуваат специјализирани услуги (психосоцијална поддршка, советување, терапија, обука, третман) за сторители на РБН?



**П:** Зошто ни недостасуваат специјализирани услуги (психосоцијална грижа, советување, терапија, обука, третман) за сторителите на РЗН? - Недостаток на...



## СТАВОВИ КОН СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ ЗА РАБОТА СО СТОРИТЕЛИ

Иако генерално се изразува поддршка за специјализираните услуги за работа со сторители, забележлива е доза на загриженост дека ваквите програми можат да бидат злоупотребени од страна на сторителите, на дополнителна штета на жртвите.



Мнозинството онлајн интервјуирани испитаници (над 80%) се согласуваат дека за да се овозможи и подобри пристапот до специјализирани услуги (психосоцијално лекување, грижа, советување, терапија, обука, третман) за сторителите на родово-засновано насилство, постојат повеќе клучни прашања што треба да се решат, а ги опфаќаат сите аспекти од функционирањето на ваквите услуги: професионална обука на давателите на услуги, одржливо финансирање на центрите, информирање на заедниците за достапноста на услугите и воспоставување тесна соработка со службите за поддршка на жените-жртви.

## ШТО Е ПОТРЕБНО ЗА ДА СЕ ОВОЗМОЖИ И ПОДОБРИ ПРИСТАПОТ ДО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИТЕ УСЛУГИ ЗА СТОРИТЕЛИТЕ НА РЗН?



# ПРАВНА РАМКА – ДО КАДЕ СМЕ ВО 2022?

- Солидна усогласеност на правната рамка со Истанбулската конвенција[9]
- Должно внимание и итност во постапувањето – постои, но не се почитува.
- Третман на сторители на насилство – предвиден со законските одредби како превентивна мерка и привремена мерка за заштита.
- НО, во пракса, само сторителите на семејно насилство можат да бидат вклучени во програмите за третман и останува правна празнина за третман на останатите сторители на РЗН.
- Правото на доверливост на сторителот е ограничено, во националните стандарди недостига јасна процедура за информирање на жртвата.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Родово-заснованото насилство не се случува самостојно и без влијание на други општествени состојби кои влијаат врз нееднаквоста на моќта меѓу родовите и половите. Имено, родовите нееднаквости јасно се видливи во традиционалните ставови што пак водат до фактот дека жените се сопственици на само еден мал дел од објектите, земјата и возилата во државата. Поради ова, во случаи на насилство жртвите покрај тоа што немаат сопственичко право врз домовите во кои живеат, немаат ни сопствено место за живеење во кое би ја барале сигурноста и безбедноста кога би решиле да го напуштат сторителот. Таа немоќ е забележлива и во опциите за мобилност, па жените се лишени и од можноста брзо и самостојно да ја напуштат средината која може да биде потенцијално живото-загрозувачка.

Негативен импакт врз независноста и еманципацијата на македонската жена има и фактот дека повеќе од половина жени на работоспособна возраст во државата се невработени, а една половина од нив не бараат работа поради грижа за други лица, што дополнително ги врзува за домот и за партнерот кој во ваквите случаи може да има и несразмерно поголема финансиска моќ. Во недостиг на сопствени приходи, во случај на семејно насилство, тие можат да бидат лишени и од финансиски средства ако го напуштат циклусот на насилство.

9 Совет на Европа, 2011, Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција), достапно на: https://rm.coe.int/168046253a

Жените се мнозинство од жртвите на кривични и прекршочни дела поврзани со семејно насилство. Сепак, МВР не води евиденција за полот на сторителите на кривични дела, а кога се во прашање сторители на прекршочни дела очигледно е дека огромното мнозинство се мажи. Според податоците собрани од судовите, жените се жртви во најголем дел од кривичните и граѓанските постапки и во случаите обработени од јавното обвинителство. Во истите овие категории мажите се најчесто сторители. Од сите пријави на кривични дела во периодот меѓу 2019 и 2021 година, најголемиот дел завршуваат со условна казна, а пријавите на прекршочни дела најчесто завршуваат со одбивање на кривичното гонење.

Анализата покажува и мал број на издадени привремени заштитни мерки за задолжително советување на сторителот. Потребна е дополнителна анализа за да се истражат причините зад овој тренд и да се открие дали судовите не сакаат да ги донесат овие мерки или дали ограничените капацитети на Центрите за социјална работа, кои имаат право да даваат ваков вид советување, се пречка и тие негативно влијаат врз ефективно спроведување на оваа заштитна мерка.

Ваквите исходи од пријавите неминовно водат кон недоверба во системот и дополнително обесхрабрување на жртвите да пријават насилство. Во склад со овие податоци, не изненадуваат наодите од студијата на ОБСЕ од 2018 година според која иако повеќе од половина од жените во Македонија доживеале некаков тип на насилство, само 2% го пријавиле насилството од сегашен партнер, а само една од пет го сторила тоа во случај на насилство од поранешен партнер.

Програмите за третман на сторителите на насилство врз жените и семејното насилство имаат за цел да го спречат насилството врз жените, да ја зголемат безбедноста на жртвите на семејно насилство, но во исто време да придонесат за процесот на политичка и културна трансформација на општеството и елиминација на родово-засновано насилство и родова дискриминација.
Властите тврдат дека постојат осум советувалишта за психосоцијален третман на сторителите на семејно насилство, но има целосен недостаток на информации за соодветноста на локацијата, просторните услови, капацитетите на персоналот кој работи со сторителите, ефективноста на програмите и нивната усогласеност и корелација со други услуги обезбедени од институции и организации на национално и локално ниво. Дополнително, целосно отсуствува програма за третман на сторителите на сексуално насилство.

Иако е видлива доза на скептичност околу корисноста и ефикасноста на ваквите центри, сепак поголемиот дел од учесниците во истражувањето имаат капацитет да ги согледаат потенцијалните предности од истите. Сепак, од клучно значење е персоналот што ќе работи со сторителите да биде соодветно обучен и платен и да биде во непрекината комуникација и тесна соработка со персоналот што работи со жените жртви на насилство. Додатно, од клучна важност е

информираноста на заедниците за достапноста на услугите – ова се потврдува и со наодите дека иако постојат три центри за жртви на сексуално насилство, поради недоволна информираност за нивното постоење, во периодот на спроведување на истражувањето два од тие центри не беа посетени од ниту една жртва на сексуално насилство.

Во програмите за превенција и заштита треба да се вклучи работа со мажи од рана возраст и да се практикува на сите различни нивоа, вклучително и општа превенција и промена на однесувањето преку официјални училишни наставни планови и програми, неформално образование за млади момчиња и мажи во различни контексти, советувалишта за момчиња и мажи, како и професионална работа со сторителите преку пристап фокусиран на безбедноста на жртвата.

Според учесниците во истражувањето, постоењето на бесплатна психолошка поддршка и доверливи СОС линии се клучни за вклучување на мажите и момчињата во превенција на родово засновано насилство. Овој наод е во склад со претходно познатите информации дека родово-заснованото насилство често се јавува како резултат на вознемиреноста и фрустрацијата што мажите ги чувствуваат поради неможноста да се исполнат нормативните „машки“ улоги, па насилството се јавува како своевидна потврда на доминацијата и смелоста на лицето кое од себе очекува да биде „посилен пол“ во една заедница. Постоењето на бесплатни центри за психолошка поддршка е од клучно значење за пренасочување на бесот и агресијата од домот во безбедна средина која би пружала механизми за здраво разрешување на овие фрустрации.

Земајќи сѐ во предвид, може да се каже дека освен воспоставување на програмата за сторителите како специфична мерка, обврската на Северна Македонија да го спречи родово-заснованото насилство треба да се исполни и преку други општи и конкретни мерки кои ќе промовираат промени во менталитетот и ставовите на луѓето воопшто.

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (ЗСЗНЖСН)[10] вклучува неколку општи превентивни мерки кои секоја институција и организација треба да ги спроведе врз основа на принципот на еднаквост и недискриминација. Акцискиот план за спроведување на Истанбулската конвенција (2018-2023)[11] дополнително ги утврдува конкретните активности што секој субјект треба да ги спроведе во одреден период, во временска рамка од 2018 до 2023 година. Сепак, прегледот на Целта 3 во Акцискиот план и одговорите добиени од ресорните министерства укажуваат на сериозно доцнење во спроведувањето на превентивните

10 Министерство за труд и социјална политика, 2021, Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf

11 Министерство за труд и социјална политика, Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на Република Македонија 2018-2023, достапно на: https://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-nacionalniot-plan-za-sproveduvanje-na-konvencijata-za-sprecuvanje-i-borba-protiv-nasilstvoto-vrz-zen.nspx

мерки, конкретно кај оние активности кои имаат за цел да ги променат убедувањата и размислувањата на јавноста и да ги трансформираат институциите со цел подобро разбирање на родовата димензија кај насилството врз жените.

Затоа, Владата треба да земе предвид итна ревизија на Акцискиот план и да понуди пореален план со специфична временска рамка и соодветни финансиски импликации за имплементацијата на самиот Акцискиот план, што пак е од клучно значење за да се поставaт основите за целосна операционализација на ЗСЗНЖСН и за ефикасна превенција и заштита од родово-засновано насилство и семејно насилство. Дополнително, впечатокот е дека различните ресори работат самостојно во изготвувањето на акциски и стратешки документи за оваа област без да ги усогласат и крос-референцираат со акциските и стратешките документи изработени од другите институции. Важно е да се нагласи дека прогресот по овие прашања е возможен само доколку сите акциски и стратешки документи се усогласени, и следствено на тоа се усогласи и буџетот планиран за активностите предвидени со документите.

Моментално, огромен број анализи покажуваат дека учебниците што се користат во сите нивоа на образование содржат дискриминирачки пораки кои промовираат и оправдуваат насилство врз жените. Во таа насока, промовирањето на грижлив маскулинитет и вклучувањето на мажите во грижата уште од најмала возраст и во почетните фази на образование може да биде клучна алатка за борбата против родово-заснованото насилство. Перцепцијата за грижата и бенефитот од истата за поединците, меѓучовечките односи и општеството треба да се искомуницира преку родово сензитивни едукативни материјали. Додатно, треба да се промовира економската и социјалната вредност на професиите поврзани со грижа, истовремено отфрлајќи го концептот на родово разделени професии.